


# ПОМЛАД СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Локација: ШТИП**

**Оддел:** Оддел за мали и средни претпријатија

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да најдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**36 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

Континуирана грижа за своето портфолио на клиенти за кои е назначен како матичен соработник со сет на годишни таргети во кои се регулира нивото на соработка на клиентите од портфолиото со Банката, како и квалитетот на клиентите во портфолиото од аспект на риск профил и резервации;

Исполнување на годишните таргети и активна работа на превземањето на нови клиенти имајќи го предвид ризикот, профитот и големината на пласманот ("претприемач во претпријатието");

Активно следење и запознавање со спецификите на пазарот, регулативата и главните учесници на релевантниот пазарен сегмент;

Учество во изработка на Договори/Анекси за производите и услугите кои ги нуди Банката и друга документација согласно кредитните процедури (стандардни договори);

Давање придонес во следењето на работењето на постојните и потенцијални клиенти заедно со регионалните директори за мали и средни претпријатија, како и во реализација на инвестиционите кредити (вклучително и посета), следење на напредокот и идентификување на потенцијалните ризици.

## Кои квалификации се потребни

ВСС, Економски факултет;

Работно искуство во банка на иста или слична работна позиција ќе се смета за предност;

Активно познавање на работа со компјутер (МС Office);

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Комуникациски вештини и самоиницијативност, аналитичко размислување и вештина за решавање на проблеми, способност за планирање и одлучување, способност за препознавање на приоритети и ризици во работењето, тимска работа и способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **12.04.2025 година** со назнака **„Апликација за Помлад соработник за односи со мали и средни претпријатија - ШТИП“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!